**20242774781**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 15 став (4) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.203/22, 76/24 и 272/24), министерот за финансии донесе

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ПОДГОТОВКА НА МАКРОЕКОНОМСКИТЕ И ФИСКАЛНИТЕ ПРОЕКЦИИ И ПРОЦЕСОТ НА КООРДИНАЦИЈА МЕЃУ ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ И ИНСТИТУЦИИ ПОВРЗАНИ СО МАКРОЕКОНОМСКОТО И ФИСКАЛНОТО ПРОЕКТИРАЊЕ

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на подготовка на макроекономските и фискалните проекции и процесот на координација меѓу организациските единици и институции поврзани со макроекономското и фискалното проектирање.

Член 2

Макроекономските и фискалните проекции се содржани во Фискалната стратегија за тековната и следните пет фискални години, изработена согласно членовите 16, 17, 18 и 19 од Законот за буџети.

Член 3

(1) Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година од член 17 од Законот за буџети, Министерството за финансии-Секторот за буџети и фондови (во понатамошниот текст: Секторот за буџети и фондови) доставува циркуларно писмо со цел добивање на податоци, до секторите во рамки на Министерство за финансии и тоа:

- Секторот за економска политика и развој;
- Секторот за трезор;
- Секторот за јавни приходи и даночна и царинска политика;
- Секторот за меѓународни финансиски односи;
- Секторот за управување со јавен долг;
- Секторот за управување со јавни инвестиции;
- Секторот за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА и
- други сектори во рамки на Министерството на финансии.

(2) Секторот за економска политика и развој доставува податоци за:

- реализирани макроекономски движења за претходната година и за изминатите месеци од тековната година, како и макроекономски проекции за тековната година и следните пет години, вклучувајќи ги најмалку проекциите за реален и номинален БДП, инфлација, надворешно-трговска размена и пазар на труд;
- споредба на реализацијата на дадените макроекономски параметри со истите од претходниот Буџет и фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните отстапувања;
- споредба на проекциите на дадените параметри со претходната фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните промени, вклучително и на промените во политиките;

- споредба на остварениот и проектираниот реален БДП и инфлација, со други релевантни домашни и меѓународни институции, како и кратко објаснување на главните разлики, каде што е тоа можно;
- макрофискални ризици, вклучувајќи фискални ризици поврзани со потенцијалните обврски и конкретни ризици со квантитативно и квалитативно објаснување на ефектите врз клучните макроекономски и фискални параметри;
- образложение за усогласеност, односно отстапување од фискалните правила и за евентуални отстапувања од фискалните цели утврдени во претходната фискална стратегија;
- анализа на долгорочната фискална одржливост и
- други потребни информации и податоци.

(3) Секторот за трезор доставува податоци за:
- реализација на приходите и расходите на Буџетот на државата за претходната година и за изминатите месеци од тековната година;
- споредба на реализацијата на горенаведените параметри со претходниот Буџет и фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните отстапувања;
- опис и статус на реализацијата согласно член 2 точка 24 од Законот за буџети, во однос на субјектите на општа власт класифицирани во Сектор Држава (С.13) согласно со Националната класификација на институционални сектори на Државниот завод за статистика;
- реализација за претходната година и за изминатите месеци од тековната година, како и проекција за тековната година и за наредните пет години на буџетското салдо (вкупно и примарно) на Буџетот на државата и буџетите на општините и
- други потребни информации и податоци.

(4) Секторот за јавни приходи и даночна и царинска политика во координација со Министерството за финансии-Царинската управа и Министерството за финансии - Управата за јавни приходи, доставува податоци за:
- реализација на приходите за претходната година и за изминатите месеци од тековната година, како и проекција на приходите за тековната година и за наредните пет години, и тоа за следните приходи: даночни приходи по видови даноци, царини, акцизи и други даночни приходи, како и проекција на даночни расходи;
- споредба на реализацијата на параметрите од алинејата 1 на овој став со претходниот Буџет и фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните отстапувања;
- споредба на проекциите на даночни приходи по видови даноци, царини, акцизи и останати даночни приходи и даночни расходи со претходната фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните промени, вклучително и на промените во политиките;
- опис на секоја планирана и веќе спроведена реформа со квалитативно и квантитативно објаснување за секој поединечен вид на приход и
- други потребни информации и податоци.

(5) Секторот за меѓународни финансиски односи доставува податоци за:
- преглед на склучени договори за кредити со меѓународни финансиски институции, билатерални кредитори и странски комерцијални банки;
- споредба на реализацијата на склучените договори за кредити со реализацијата на претходниот Буџет и фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните отстапувања;

- споредба на проекциите на склучените договори за кредити со претходната фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните промени, вклучително и на промените во политиките;
- извештаи од меѓународните финансиски институции и Европската Унија кои се однесуваат на јавните финансии;
- издадени гаранции за претходните две години, како и за наредниот среднорочен период и
- други потребни информации и податоци.

(6) Секторот за управување со јавен долг доставува податоци за:
- реализација за претходната година и за изминатите месеци од тековната година, како и проекција за тековната година и за наредните пет години на следните параметри на Буџетот на државата и буџетите на општините, соодветно: приходи, расходи, финансирање, состојба на девизни депозити на почетокот на фискалната година, гаранции и долг на општа власт;
- преглед за задолжување (прилив) од домашни и странски кредити, отплата на долг (отплата на главница од заеми и издададени државни хартии од вредност-одлив);
- издадени и платени гаранции за претходните две години, како и за наредниот среднорочен период;
- споредба на реализацијата на параметрите од алинејата 1 на овој став со претходниот Буџет и фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните отстапувања;
- споредба на проекциите на параметрите од алинејата 1 на овој став со претходната фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните промени, вклучително и на промените во политиките;
- резиме на активностите на управување со долгот на општа власт, вклучувајќи и планирана структура на финансирање на дефицитот, отплатите и состојбата на депозити;
- опис и статус на реализацијата согласно член 2 точка 24 од Законот за буџети, во однос на субјектите на општа власт класифицирани во Сектор Држава (С.13) согласно со Националната класификација на институционални сектори на Државниот завод за статистика;
- макрофискални ризици од аспект на гаранции и
- други потребни информации и податоци.

(7) Секторот за управување со јавни инвестиции доставува податоци за:
- проектите за јавни инвестиции планирани да започнат, продолжат или завршат во тековната и следните пет години;
- вкупната вредност, времетраење, планирани расходи и други одливи за следните пет години за секој наведен проект за јавна инвестиција, како и остатокот за финансирање до завршување на проектот;
- реализирани расходи и други одливи на проектите за јавни инвестиции со проценка за тековната година и за претходните две години;
- разгледани и оценети нови проекти за јавни инвестиции и јавно-приватни партнерства кои се предложени како нови иницијативи, во согласност со Уредбата за управување со јавни инвестиции, заради изготвување на сумарна листа на предложени разгледани и оценети нови иницијативи;
- сумарна листа на предложени разгледани и оценети нови иницијативи и проекти;

- приоритетна листа на нови проекти за јавни инвестиции и јавно-приватни партнерства разгледана од страна на меѓусекторска работна група и/или комитет која е одобрена од страна на Владата на Република Северна Македонија, односно Советот на општината и
- други потребни информации и податоци.

(8) Секторот за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА во координација со Секторот за централно финансирање и склучување на договори доставуваат податоци за:
- опис на користењето на претпристапната помош на ЕУ, за следните пет години;
- споредба на реализацијата на параметрите од алинејата 1 на овој став од претходниот Буџет и фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните отстапувања;
- споредба на проекциите за користење на претпристапната помош на ЕУ со претходната фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните промени, вклучително и на промените во политиките и
- други потребни информации и податоци.

Член 4

(1) Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година од член 17 од Законот за буџети, Секторот за буџети и фондови доставува циркуларно писмо со цел добивање на податоци, до следните институции:
- Министерството за финансии - Царинската управа;
- Министерството за финансии - Управата за јавни приходи;
- Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини;
- Министерството за транспорт;
- Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Државниот завод за статистика;
- Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија;
- Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија;
- Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и
- други релевантни институции согласно потребите.

(2) Министерството за финансии-Царинската управа и Министерството за финансии-Управата за јавни приходи во координација со Министерството за финансии - Секторот за јавни приходи и даночна и царинска политика, доставуваат податоци за:
- реализација на приходите за претходната година и за изминатите месеци од тековната година, како и проекција на приходите за тековната година и за наредните пет години, и тоа за следните приходи: даночни приходи по видови даноци, царини, акцизи и други даночни приходи, како и проекција на даночни расходи;
- споредба на реализацијата на параметрите од алинејата 1 на овој став со претходниот Буџет и фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните отстапувања;
- споредба на проекциите на даночни приходи по видови даноци, царини, акцизи и останати даночни приходи и даночни расходи со претходната фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните промени, вклучително и на промените во политиките и
- опис на секоја планирана и веќе спроведена реформа со квалитативно и квантитативно објаснување за секој поединечен вид на приход.

(3) Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини доставува:
- проекција на приходи по основ на концесии за следните пет години, со детално образложение по истите и
- податоци за реализирани приходи по основ на концесии во претходните две години, со образложение за евентуално отстапување од проекциите.

(4) Министерството за транспорт доставува:
- проекција на приходи од продажба на неизградено земјоделско земјиште за следните пет години, со детално образложение по истите и
- податоци за реализирани приходи од продажба на неизградено земјоделско земјиште во претходните две години, со образложение за евентуално отстапување од проекциите.

(5) Министерството за животна средина и просторно планирање доставува:
- проекција на приходи по основ на концесии за следните пет години, со детално образложение по истите и
- податоци за реализирани приходи по основ на концесии во претходните две години, со образложение за евентуално отстапување од проекциите.

(6) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доставува:
- проекција на приходи по основ на концесии за следните пет години, со детално образложение по истите и
- податоци за реализирани приходи по основ на концесии во претходните две години, со образложение за евентуално отстапување од проекциите.

(7) Државниот завод за статистика доставува опис и статус на реализацијата, согласно член 2 точка 24 од Законот за буџети, во однос на субјектите на општа власт класифицирани во Сектор Држава (С.13) согласно со Националната класификација на институционални сектори на Државниот завод за статистика.

(8) Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија доставува:
- проекции на приходи и расходи за следните пет години, со детално образложение за претпоставките врз основа на кои е извршена проекцијата на приходи и расходи (процент на усогласување на пензии, стапка на инфлација, процент на раст на вработеност, процент на раст на плати и друго) и
- податоци за реализирани приходи и расходи за претходните две години, со образложение за евентуално отстапување од проекциите.
(9) Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија доставува:
- проекции на приходи и расходи за следните пет години, со детално образложение за претпоставките врз основа на кои е извршена проекцијата на приходи и расходи (процент на раст на вработеност, процент на раст на плати и друго) и
- податоци за реализирани приходи и расходи за претходните две години, со образложение за евентуално отстапување од проекциите.
(10) Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија доставува:
- проекции на приходи и расходи за следните пет години, со детално образложение за претпоставките врз основа на кои е извршена проекцијата на приходи и расходи (процент на раст на вработеност, процент на раст на плати и друго) и
- податоци за реализирани приходи и расходи за претходните две години, со образложение за евентуално отстапување од проекциите.

Член 5

Секторот за буџети и фондови доставува циркуларно писмо со цел добивање на податоци за финансиски и нефинансиски (материјални) средства на државата и општините до други сектори во рамки на Министерство за финансии и други релевантни институции согласно потребите.

Член 6

(1) Со цел забрзување на изготвувањето на Фискалната стратегија, Секторот за буџети и фондови истовремено циркуларното писмо за добивање на податоци го доставува и по електронски пат.

(2) Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година, буџетските корисници на Буџетот на државата подготвуваат фискални проекции врз основа на постојните законски и подзаконски прописи и настанати обврски (основно сценарио) и предлог за нови проекти и нови финансиски обврски (нови иницијативи).

(3) Од стана на раководителот на буџетскиот корисник се даваат насоки за подготовка на проекции за основно сценарио и нови иницијативи за финансирање на буџетските корисници во рамките на неговата надлежност.

(4) Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година, Секторот за буџети и фондови ги анализира добиените податоци од буџетските корисници.

(5) Од страна на Секторот за буџети и фондови се изработува основно сценарио и нови иницијативи, како основа за подготовка на Фискална стратегија за пет години.

(6) Од страна на Секторот за буџети и фондови се анализираат добиените податоци, вклучуваајќи ги сите аспекти кои можат да влијаат на јавните приходи и расходи (утврдени политики, владини заклучоци, измена на законските решенија, веќе започнати проекти, Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и сл.).

(7) Новите иницијативи опфаќаат нови проекти, вклучувајќи проекти за јавни инвестиции и јавно-приватни партнерства и нови активности, предложени од буџетски корисници, вклучувајќи ги општините во нивно име, односно во име на јавните субјекти од нивна надлежност, кои ги подготвуваат во согласност со Уредбата за управување со јавни инвестиции и ги поднесуваат до Министерството за финансии за преглед и оценка.

(8) Доколку буџетските корисници предлагаат нови прописи, акти или обврски кои предизвикуваат фискални импликации во следните буџетски години, при подготовка на фискалната стратегија и буџетот, истите треба да се вклучат во нови иницијативи за финансирање.

Член 7

(1) Од страна на Секторот за буџети и фондови се разгледуваат предложените нови проекти и иницијативи и се оценуваат примарно од перспектива на фискалното влијание, ризиците и одржливоста.

(2) Од страна на Секторот за буџети и фондови се подготвува сумарна листа на предложени разгледани и оценети нови иницијативи и проекти.

Член 8

Во постојана координација на Секторот за буџети и фондови со министерот за финансии се одредуваат таргетите за буџетско салдо (буџетски дефицит или буџетски суфицит), се оценуваат проекциите на приходите и расходите согласно приоритетите и Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија.

Член 9

При подготовка на Предлог Фискалната стратегија постои дневна писмена, електронска или друг вид на комуникација и координација со релевантните сектори во Министерството за финансии и надлежните институции во насока на обезбедување на дополнителни податоци и анализи, корекција на веќе добиените податоци и сл.

Член 10

(1) Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година од член 17 од Законот за буџети, Секторот за буџети и фондови доставува циркуларно писмо со цел добивање на податоци за подготовка на Фискалната стратегија за делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа до секторите во рамки на Министерство за финансии и тоа:

- Секторот за трезор;
- Секторот за јавни приходи и даночна и царинска политика;
- Секторот за меѓународни финансиски односи;
- Секторот за управување со јавен долг;
- други сектори во рамки на Министерството на финансии.

(2) Секторот за трезор доставува податоци за:

- реализација на приходите и расходите на буџетите на единиците на локалната самоуправа за претходната година и за изминатите месеци од тековната година и
- податоци за единиците на локалната самоуправа со блокирана сметка за претходната година и за изминатите месеци од тековната година.

(3) Секторот за јавни приходи и даночна и царинска политика доставува податоци за:

- реализација на приходите на данокот на додадена вредност и данокот на личен доход од плата за претходната година и за изминатите месеци од тековната година, како и податоци за проекциите за приходите за следните пет години и
- опис на секоја спроведена и планирана реформа со квалитативно и квантитативно објаснување за секој поединечен вид на приход кои директно или индиректно се приходи на единиците на локалната самоуправа.

(4) Секторот за меѓународни финансиски односи доставува податоци за:

- преглед на склучени договори за кредити со меѓународни институции каде корисник на средствата се единиците на локалната самоуправа и
- други потребни информации и податоци.

(5) Секторот за управување со јавен долг доставува податоци за:

- преглед за задолжување (прилив) од домашни и странски кредити, отплата на долг за претходните две години и за изминатите месеци од тековната година на единиците на локалната самоуправа (отплата на главница од заеми и издадени хартии од вредност);
- квалитативно и квантитативно објаснување на главните промени на податоците од алинејата 1 на овој став, вклучително и на промените во политиките;
- преглед на издадени и платени гаранции на единиците на локалната самоуправа за претходните две години, како и за наредниот среднорочен период и
- други потребни информации и податоци.

Член 11

Секторот за буџети и фондови доставува циркуларно писмо со цел добивање на податоци за финансиски и нефинансиски (материјални) средства на општините до други сектори во рамки на Министерство за финансии и други релевантни институции согласно потребите.

Член 12

(1) Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година, секторите во рамките на Министерството за финансии подготвуваат фискални проекции врз основа на постојните законски и подзаконски прописи, реализирани, започнати и предлог за нови проекти и податоци за извршување на буџетите на единиците на локалната самоуправа.

(2) Секторот за буџет и фондови од надлежните институции добива проекции за наменски, блок и други дотации за општините, како и проценки за овие дотации за наредните пет години, за распределување на одобрениот дел од приходите од данок на додадена вредност на општините и го утврдува максималниот износ на сопствени приходи за секоја општина поодделно.

Член 13

Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година, Секторот за буџети и фондови ги анализира добиените податоци од секторите во рамки на Министерство за финансии, ги подготвува среднорочните проекции за единиците на локалната самоуправа и нацрт текстот за делот на локални власти, како дел од Фискалната стратегија.

Член 14

Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година од членот 17 од Законот за буџети, Секторот за буџети и фондови доставува допис до Министерството за финансии - Секторот за трезор, со цел добивање на податоци за подготовка на Фискалната стратегија за делот кој се однесува на јавните претпријатија и трговски друштва во државна сопственост на централно ниво и тоа за:

- реализирани приходи во Буџетот на Република Северна Македонија по основ на уплата на дивиденда од акционерските друштва во државна сопственост и реализирани приходи по основ на уплатен вишок на средства од работењето на јавните претпријатија во државна сопственост на централно ниво и

- реализирани исплати од Буџетот на Република Северна Македонија до јавните претпријатија и трговски друштва во државна сопственост на централно ниво за претходните две години.

Член 15

Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година, Секторот за буџети и фондови доставува допис до Централниот регистар на Република Северна Македонија, со цел добивање на податоци за Годишните сметки, на јавните претпријатија и трговски друштва во државна сопственост на централно ниво, за претходната година.

Член 16

Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година, Секторот за буџети и фондови доставува циркуларно писмо до јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост на централно ниво, за добивање на податоци за подготовка на Фискалната стратегија и тоа за:

- реализирани вкупни приходи, согласно Годишна сметка за претходните две години;

- реализирани вкупни расходи, согласно Годишна сметка за претходните две години;

- финансиски резултат од работењето, пред оданочување, согласно Годишна сметка за претходните две години;

- планирани вкупни приходи, согласно Финансиски план за тековната година;
- планирани вкупни расходи, согласно Финансиски план за тековната година;
- планиран финансиски резултат од работењето, пред оданочување, согласно Финансиски план за тековната година;
- планирани вкупни приходи и расходи, по структура за следните пет години и
- планирани вкупни инвестиции, за наредните пет години.

Член 17

Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година, Секторот за буџети и фондови ги анализира добиените податоци и ги подготвува среднорочните проекции за јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост на централно ниво, како дел од Фискалната стратегија.

Член 18

Од страна на Секторот за буџети и фондови се проверува усогласеноста на предлог финансиските планови со насоките и упатствата од буџетскиот циркулар од членот 29 од Законот за буџети и со одобрените расходни лимити.

Член 19

Од страна на Секторот за буџети и фондови може да се дадат насоки за неопходни корекции во предлог финансиските планови за истите да бидат дел од предлог-буџетот за наредната година.

Член 20

Од страна на Фискалниот совет се изготвуваат анализи и мислења по однос на Буџетот на државата и Фискалната стратегија кои се доставуваат до Владата на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Член 21

Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-13587/1
30 декември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.